**Република Македонија**
**Н О Т А Р**
*БОРИВОЈ СТОЈКОСКИ*
***за подрачјето на основните***
***Судови на градот Скопје***
ул„Трифун Хаџијанев„бр.1
2011.06.30.
/двеилјадиидинаестагодина, месец јуни, ден триести/

**Книга бр.7**
**ОДУ бр.413/2011**

**Извод**

# НОТАРСКИ АКТ
# ЗАПИСНИК
# од Собранието на АРЦЕЛОРМИТТАЛ СКОПЈЕ(ЦРМ)

Јас Нотар, Боривој Стојкоски за подрачјето на основните судови на градот Скопје со службено седиште на ул.„Трифун Хаџијанев„ бр.1, на ден триести , месец јуни, двеилјадииединаестта година, во просториите на АРЦЕЛОРМИТТАЛ СКОПЈЕ(ЦРМ) АД Скопје на ул.16-та Македонска Бригада бр.18, присуствував на седницата на Собранието на друштвото АРЦЕЛОРМИТТАЛ СКОПЈЕ(ЦРМ) АД Скопје согласно член 73 од Законот за Нотаријат(Службен весник на РМ бр.55/07) и член 407 во врска со член 383 од Законот за трговски друштва (Службен весник на РМ 28/04) го составив следниот---------------------------------------------------------
-------------------------------**ЗАПИСНИК ОД СОБРАНИЕ НА** -------------------------
--------------**АКЦИОНЕРИТЕ НА АРЦЕЛОРМИТТАЛ СКОПЈЕ(ЦРМ)АД**--------
----------------------------------------------------------------------------------------------------
----------------------------------------------------------------------------------------------------
Собранието започна со работа во 11 часот (единаесетчасот) --------------------------
----------------------------------------------------------------------------------------------------
Утврдив дека за одржување на седницата на Собранието на ден 30.06.2011 година(ден триести, месец јуни, година двеилјадииединаестта) е објавен Јавен повик во весникот Нова Македонија во кој е објавен и дневниот ред за седницата на Собранието.--------------------------------------------------------------------------------
Според Изводот од акционерската книга од 30.06.2011 година Друштвото поседува 19.320.176 обични акции кои даваат право на глас во Собранието согласно чл.291 точка 3 од ЗТД..--------------------------------------------------------------------------------
На Собранието се присутни следниве акционери:------------------------------------------
1.АРЦЕЛОРМИТТАЛ ХОЛДИНГС АГ преку полномошник Дејан Кнезовиќ од Скопје имател на 17.092.426 обични акции со право на глас во Собранието, Ордан Михајловски имателна 824 гласови, Слободан Додевски имател на 1560 гласови, Петре Тошевски имател на 781 гласови, Благоја Спасовски имател на 886 гласови и Миле Митровски имател на 866 гласови.-------------------------------------------------
Пред самиот почеток на седницата на Собранието на акционерите, присутни на

седницата, им е даден на потпис Список на акционери, кој е составен дел на овој записник.------------------------------------------------------------------------------------
На ова Собрание се присутни 17.097.343 гласови со право на глас во Собранието.---
Полномошникот г-дин Дејан Кнезовиќ ја отвори седницата на Собранието и го објави дневниот ред.-------------------------------------------------------------------------
------------------------------------------------------------------------------------------------

**---------------------------------------- ДНЕВЕН РЕД ----------------------------------------**

------------------------------------------------------------------------------------------------
I.ПРОЦЕДУРАЛЕН ДЕЛ ----------------------------------------------------------------------
1.Верификација на списокот на присутните акционери, односно нивни претставници и застапници,---------------------------------------------------------------
2.Утврдување на кворум за работа и одлучување;-----------------------------------------
3.Избор на записничар и оверувач на Записникот------------------------------------------
------------------------------------------------------------------------------------------------
II РАБОТЕН ДЕЛ -----------------------------------------------------------------------------
1.Именување на Претседавач на Собранието;----------------------------------------------
2.Усвојување на Записник од последната седница на Собранието;--------------------
3.Разгледување и усвојување на годишната сметка, финансиските извештаи и годишниот извештај за работа на друштвото;-----------------------------------------------
4.Покривање на загуба;---------------------------------------------------------------------
5.Одобрување на работата на членови на Одборот на директори:;---------------------
6.Одлучување за иманување на овластен ревизор.-----------------------------------------
7.Разно.----------------------------------------------------------------------------------------
------------------------------------------------------------------------------------------------
Собранието го усвои дневниот ред со 17.097.343 гласови гласа ЗА, против и воздржани нема.-----------------------------------------------------------------------------
1.По првата точка од процедуралниот дневен ред, полномошникот Дејан Кнезовиќ го даде Списокот на акционери на потпис на присутни акционери објави дека на Собранието има вкупно 17.097.343 со право на глас претставени во Собранието.---
------------------------------------------------------------------------------------------------
2.По втората точка од процедуралниот дневен ред претседавачот на Собранието констатирадека има кворум за работа и одлучување на Собранието, односно дека се присутни 17.097.343 гласови претставени во Собранието.------------------------------
3.По третата точка од процедуралниот дневен ред полномошникот Дејан Кнезовиќ појасни дека на седницата записникот го води Нотар Боривој Стојкоски од Скопје, па не е потребно да се избира записничар и оверувач на записникот.------------------
Потоа, Собранието продолжи со работа по работниот дел од дневниот ред.----------
------------------------------------------------------------------------------------------------
1 (еден) По првата точка од дневниот ред полномошникот Дејан Кнезовиќ појасни дека мнозинскиот сопственик на капиталот преку својот полномошник предлага за претседавач на Собранието со мандат до наредното Собрание да биде полномошникот Дејан Кнезовиќ.--------------------------------------------------------

Предлогот беше ставен на гласање.---------------------------------------------------------
Собранието го усвои предлогот со 17.097.343 гласаа ЗА, против и воздржани нема.------------------------------------------------------------------------------------------------
2 (два) По втора точка од дневниот ред Усвојување на записникот од последното Собрание одржано на 30.06.2010 година.Записникот беше ставен на гласање.--------------------------------------------------------------------------------------------------------------

За усвојување на записникот со 17 .095.540 гласа ЗА, против нема и воздржани 1.803.---------------------------------------------------------------------------------------------------------------------------------------------------------------------------------------

3 (три) По третата точка од дневниот ред претседавачот на Собранието ги запозна присутните со предлог Одлуката за усвојување на годишната сметка, финансиските извештаи и годишниот извештај за работа на друштвото.--------------
По уводното излагање на претседавачот, претседавачот збор му даде на ревизорот Јане Иванов од ревизорската куќа DELOITTE ДОО Скопје кој ги запозна присутните со ревизорскиот извештај на годишната пресметка и финансиските извештаи на друштвото АРЦЕЛОРМИТТАЛ (ЦРМ) АД Скопје.-------------------------
По излагањето на ревизорот г-дин Јане Иванов за збор се јави акционерот Ордан Михајловски кој постави прашање каолкаво е влоувањето во модернизацијата на технологијата во друштвото АРЦЕЛОРМИТТАЛ (ЦРМ) АД Скопје.-------------------
На ова прашање одговори г-ѓа Убавка Илиевска финансиски директор.----------
Бидејќи никој друг не се јави за дискусија претседавачот на Собранието предлог Одлуката ја стави на гласање.Собранието со 17.097.343 гласови ЗА, против 824 гласови, воздржани нема ја донесе Одлуката за усвојување на годишната сметка, финансиските извештаи и годишниот извештај за работата на друштвото во деловната 2010 година.--------------------------------------------------------------------------------------------------------------------------------------------------------------------------

4.(четири) По четвртата точка од дневниот ред претсдевачот на Собранието ги запозна присутните со предлог Одлуката за покривање на загубата искажана по годишната сметка и отвори расправа.За збор се јави акционерот Петре Тошевски кој постави прашање: По кој основ е направена загубата? На оваа прашање одговори г-ѓа Убавка Илиевска-финансиски директор.Бидејќи никој не се јави за дискусија претседавачот на Собранието предлог Одлуката ја стави на гласање.---
Собранието со 17.097.343 гласови ЗА, против и воздржани нема ја донесе Одлуката за покривање на загубата од деловната 2010 година.------------------------------------------------------------------------------------------------------------------------------

5.(пет) По петтата точка од дневниот ред претседавачот на Собранието ги запозна присутните со предлог Одлуката за одобрување на работата на членовите на Одборот на директори на друштвото АРЦЕЛОРМИТТАЛ (ЦРМ) АД Скопје и отвори расправа.------------------------------------------------------------------------------
Бидејќи никој не се јави за дискусија претседавачот на Собарнието предлог Одлуката ја стави на гласање за секој член поединечно:-----------------------------------------------------------------------------------------------------------------------------------------

-За одобрување на работата на г-дин Јуан Педро Јименез Наварро, главен и

извршен директори на друштвото гласаа 17.097.343 гласови, против и воздржани нема.По гласањето претседавачот на Собранието констатира дека е одобрена работата на г-дин Јуан Педро Јименез Наварро главен извршен директор на друштвото.-------------------------------------------------------------------------------------------

-За одобрување на работата на г-дин Тхиерри Алаин Францоис Ле Галл, неизвршен член на Одборот на директори на друштвото гласаа 17.097.343 гласови, против и воздржани нема.По гласањето претседавачот на Собранието констатира дека е одобрена работата на г-дин Тхиерри Алаин Францоис Ле Галл неизвршен член на Одборот на директори на друштвото.----------------------------------------------------------

-За одобрување на работата на г-дин Ионел Борс, независен член на Одборот на директори на друштвото гласаа 17.097.343 гласови, против и воздржани нема.По гласањето претседавачот на Собранието констатира дека е одобрена работата на г-дин Ионел Борс независен член на Одборот на директори на друштвото.--------------

------------------------------------------------------------------------------------------------------

6.(шест) По шестата точка од дневниот ред претседавачот на Собранието ги запозна присутните со предлог Одлуката за именување на овластен ревизор за ревизија на финансиските извештаи за деловната 2011 година на друштвото АРЦЕЛОРМИТТАЛ (ЦРМ) АД Скопје и отвори расправа.-------------------------------

За именување на овластената ревизорско Друштво за ревизорски, консалтинг и даночни услуги ДИЛОИТ ДООЕЛ Скопје гласаа 17.097.343 гласови, против и воздржани нема.По гласањето претседавачот на Собранието констатира дека Одлуката е донесена за именување на Друштвото за ревизорски консалтинг и даночни услуги ДИЛОИТ ДООЕЛ Скопје за овластен ревизор.-------------------------

------------------------------------------------------------------------------------------------------

Претседавачот констатира дека со оваа точка е исцрпен дневниот ред и го затвори Собранието.-----------------------------------------------------------------------------------------

Собранието заврши во 11:45 часот.---------------------------------------------------------

Потврдувам дека овој записник лично го составив, го следев целокупниот тек на седницата на Собранието и истиот содржи опис на сите дејствија што се случија на седницата, а кои се од важност за оцена на законитоста на постапката за донесување на Одлуките.---------------------------------------------------------------------

Записникот заедно со прилозите му го прочитав на претседавачот на Собранието кој раководеше со седницата на Собранието па во знак на прифаќање своерачно го потпиша ____________________________ ---------------------------------------------------

------------------------------------------------------------------------------------------------------

Составаен дел на записникот се :-----------------------------------------------------------

Јавен повик за одржување на Собранието , Дневен ред, Акционерска книга од ден 29.06.2011 година година и 4 (четири) Одлуки.-------------------------------------------

Записникот е составен на 5 (пет) страни во (5) пет еднообразни примероци од кои два примероци за друштвото , еден за упис во трговскиот регистар и еден за архивата на нотарот.-------------------------------------------------------------------------

Нотарска награда е пресметана во износ од 13.000,00 денари.-------------------------------
-------------------------------------------------------------------------------------------------------
ОДУ бр.413/2011--------------------------------------------------------------------------------
Во Скопје 2011.06.30.---------------------------------------------------------------------------
Двеилјадиидинаестта година , месец јуни, ден триесети .-----------------------------------

**Нотар Боривој Стојкоски**

РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА
за подрачјето на основните судови на градот
НОТАР
БОРИВОЈ
СТОЈКОСКИ
СКОПЈЕ